ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

22 Јуни 2020 година, Гевгелија Број 6 Година XXXIX

Врз основа на член 89 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 19.06.2020 година, расправајќи по Иницијативата на Градоначалникот на Општина Богданци за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Богданци и Општина Гевгелија, донесе

## З А К Л У Ч О К

1.Се прифаќа Иницијативата за воспоставување меѓуопштинска соработка за вршење на определени работи од страна на Општина Гевгелија за Општина Богданци од областа на инспекциските служби-градежен инспектор, доставена од страна на Градоначалникот на Општина Богданци под архивски бр.09-857/1 од 08.06.2020 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-995/1
19.06.2020 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Тодор Ристов с.р.***

---

Врз основа на член 14 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02 год.), член 2 став (2), член 4 став (3) и член 9 став (2) алинеа 2 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на РМ“ бр.79/09 год.) и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Гевгелија (,,Службен гласник на Општина Богданци бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.), Советот на Општина Гевгелија на седница одржана на 19.06.2020 година, донесе

## О Д Л У К А
### за воспоставување на меѓуопштинска соработка на Општина Богданци со Општина Гевгелија

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдува воспоставување на меѓуопштинска соработка на Општина Богданци со Општина Гевгелија, формата на меѓуопштинската соработка и предметот на соработката.

**Член 2**

Меѓуопштинска соработка ќе се остварува со вршење на определени работи од страна на Општина Гевгелија за Општина Богданци.

**Член 3**

Работите кои Општина Гевгелија ќе ги извршува за Општина Богданци се од областа на инспекциските служби-градежен инспектор.

**Член 4**

За вршење на работите од членот 3 на оваа Одлука Општина Богданци со Општина Гевгелија ќе склучат договор со кој поконкретно ќе се утврди видот на работите, извршителот на работите, начинот на извршувањето и висината на надоместокот за извршените работи.

Договорот ќе го склучат Градоначалниците на двете општини.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Гевгелија“.

Бр.09-996/1
19.06.2020 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Тодор Ристов с.р.***

---

Врз основа на член 89 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 19.06.2020 година, расправајќи по Иницијативата на Градоначалникот на Општина Гевгелија за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Гевгелија и Општина Струмица, донесе

**З А К Л У Ч О К**

1.Се прифаќа Иницијативата за воспоставување меѓуопштинска соработка за вршење на определени работи од страна на Општина Струмица за Општина Гевгелија од областа на внатрешната ревизија, доставена од страна на Градоначалникот на Општина Гевгелија под бр.08-967/1 од 15.06.2020 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-997/1
19.06.2020 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Тодор Ристов с.р.***

---

Врз основа на член 14 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02 год.), член 2 став (2), член 4 став (3), член 5 став (1) и член 9 став (2) алинеа 2 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на РМ“ бр.79/09 год.) и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Гевгелија (,,Службен гласник на Општина Гевгелија бр.25/06, 08/10 и 18/14 год.), Советот на Општина Гевгелија на седница одржана на 19.06.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за воспоставување на меѓуопштинска соработка на Општина Гевгелија со Општина Струмица**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува воспоставување на меѓуопштинска соработка на Општина Гевгелија со Општина Струмица, формата на меѓуопштинската соработка и предметот на соработката.

**Член 2**

Меѓуопштинска соработка ќе се остварува со вршење на определени работи од страна на Општина Струмица за потребите на Општина Гевгелија.

**Член 3**

Работите кои Општина Струмица ќе ги извршува за Општина Гевгелија се од областа на внатрешната ревизија.

**Член 4**

За вршење на работите од членот 3 на оваа Одлука Општина Гевгелија со Општина Струмица ќе склучат договор со кој поконкретно ќе се утврди видот на работите, извршителот на работите, начинот на извршувањето и висината на надоместокот за извршените работи.

Договорот ќе го склучат Градоначалниците на двете општини.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-998/1
19.06.2020 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Тодор Ристов с.р.***

---

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), и член 38 став (1) алинеа 43 од Статутот на општина Гевгелија („Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 8/10 и 18/14 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 19.06.2020 година, донесе

## О Д Л У К А
## за субвенционирање на потрошувачката на основните комунални услуги

**Член 1**

Со оваа одлука се уредува субвенционирањето на потрошувачката на основните комунални услуги, категоризацијата на корисниците на субвенционирањето и начинот на субвенционирање.

**Член 2**

Одлуката се однесува на домаќинствата кои се корисници на право на гарантирана минимална помош и корисници на социјална пензија (во понатамошниот текст – корисник) на подрачјето на општина Гевгелија.

Корисникот го остварува надоместокот по основ на субвенција на дел од месечна сметка за основните комунални услуги, издадена од страна на давателот на услугите ЈПКД "Комуналец" - Гевгелија, доколку:

-остварува право на гарантирана минимална помош и корисници на социјална пензија согласно Законот за социјална заштита,

-редовно врши плаќање на месечната сметка за основните комунални услуги.

**Член 3**

Надоместокот за субвенција на основните комунални услуги ќе се исплаќа на месечна основа.

Висината на месечниот надоместок за субвенција изнесува 650 денари. Доколку износот на месечната сметка е помал од 650 денари, се исплаќа целиот износ на месечната сметка.

Надоместокот за субвенција ќе се исплаќа доколку адресата на месечната сметка за основните комунални услуги соодветствува со адресата на живеалиште на корисникот.

**Член 4**

Одлуката ќе ја спроведат ЈПКД "Комуналец" - Гевгелија и Секторот за финансии при Општина Гевгелија.

**Член 5**

Корисниците може да поднесат барање за остварување на надоместокот за субвенцијата на основните комунални услуги од денот на примената на одлуката.

Барањето се поднесува до ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија. Кон барањето се поднесува следната документација:

-потврда дека е корисник на гарантирана минимална помош и на социјална пензија;

-платена месечна сметка за основните комунални услуги.

Субвенционирањето на основните комунални услуги престанува во следните случаи:

-со престанување на користење на гарантирана минимална помош и на социјална пензија;

-доколку субвенцијата е остварена врз основа на невистинити или неточни податоци, односно со злоупотреба на истата.

Исплатата може да се извршува кумулативно, односно за повеќе платени сметки за основните комунални услуги.

**Член 6**

За субвенционирање на основните комунални услуги, средствата ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Гевгелија.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Гевгелија", и ќе се применува до донесувањето на нова Одлука.

Бр.09-999/1
19.06.2020 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Тодор Ристов с.р.***

---

## АКТИ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

Врз основа на член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ" бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

## О Д Л У К А
## за организирање на јавна презентација и јавна анкета по Детален урбанистички план за Блок 11 (11.2) К.О. Гевгелија и К.О.Мрзенци - општина Гевгелија

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува организирање на јавна презентација и јавна анкета по Детален урбанистички план за Блок 11 (11.2) К.О.Гевгелија и К.О.Мрзенци - општина Гевгелија, со графички приказ на планот и текстуален дел.

**Член 2**

Вкупната површина на планскиот опфат, што се применува при изработка на Деталниот урбанистички план за Блок 11 (11.2) К.О.Гевгелија и К.О.Мрзенци - општина Гевгелија, изнесува **17,509 ha**.

Границите на планскиот опфат за предметниот ДУП Блок 11 (11.2) К.О.Гевгелија и К.О.Мрзенци, општина Гевгелија се:

- на **север** тргнувајќи од најзападната точка 11, се движи кон север до најсеверната точка 10, по граница на Генералниот урбанистички план на Град Гевгелија, Измени и дополнување за плански период од 2011-2021 год.

- на **исток** тргнувајќи од најсеверната точка 10, се движи по граница на Генералниот урбанистички план на Град Гевгелија, Измени и дополнување за плански период од 2011-2021 год, се до најисточната точка со бр.27.

- на **југ** тргнувајќи од најисточната точка 27, се движи по осовина на постојната магистрална улица бул."Гевгелија", во правец југозапад, се до најјужната точка 20.

- на **запад** тргнувајќи од најјужната точка 22, се движи во северозападен правец, по осовина на новопланираната собирна улица 6 предвидена со Генералниот урбанистички план на Град Гевгелија, Измени и дополнување за плански период од 2011-2021 год. се до најзападната точка 11.

**Член 3**

Јавната презентација ќе се организира во салата на Народниот театар во Гевгелија, на ден 24.06.2020 година со почеток во 13.00 часот.

**Член 4**

Јавната анкета ќе трае 10 работни дена, во кој рок заинтересираните граѓани и правни лица од подрачјето опфатено со планот, како и државните органи и други институции ке можат да ги доставуваат своите забелешки, предлози и мислења на анкетни листови.

Анкетните листови може да се подигнат и да се достават во архивата на одделението за урбанизам, архитектура, градежништво и заштита на животната средина или преку информативниот систем е-урбанизам.

**Член 5**

За времето и местото каде ќе биде изложен Деталниот урбанистички план за Блок 11 (11.2) К.О.Гевгелија и К.О.Мрзенци - општина Гевгелија, за спроведувањето на јавна презентација и јавна анкета ќе се објави соопштение во јавните гласила.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.11-192/7
16.06.2020 год.
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија,
м-р *Сашо Поцков с.р.*

Врз основа на член 35 став 10 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ" бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) и член 62 став 1 алинеја 14 од Статутот на Општина Гевгелија (,,Службен Гласник на Општина Гевгелија,, бр.25/06 и 8/10), Градоначалникот на општина Гевгелија донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за формирање на комисија за изготвување на Извештај од спроведената јавна презентација и јавна анкета по Детален урбанистички план за Блок 11 (11.2), К.О. Гевгелија и К.О.Мрзенци - општина Гевгелија**

1. За изготвување на Извештај од спроведената јавна презентација и јавна анкета по Детален урбанистички план за Блок 11 (11.2), К.О. Гевгелија и К.О.Мрзенци - општина Гевгелија се формира комисија составена од три члена.

2. Во комисијата се именуваат:

- Елена Колев, дипломиран инженер архитект – одговорно лице надлежно за урбанистичко планирање од општинската администрација;
- Бојан Муличковски, дипломиран инженер архитект – овластен претставник на изработувачот на планот, ДТУ ,,БИЛД УРБАН,, дооел – Скопје;
- Митко Павлов, дипломиран инженер архитект – надворешен член, стручен работник од областа на урбанистичкото планирање.

3. Извештајот од точка 1 на ова решение со образложение за прифатените и неприфатени забелешки по Детален урбанистички план за Блок 11 (11.2), К.О. Гевгелија и К.О.Мрзенци - општина Гевгелија да се достави до изработувачот на планот заради постапување согласно одредбите за Законот за просторно и урбанистичко планирање.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Гевгелија".

Бр.11-192/9
16.06.2020 год.
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија,
м-*р Сашо Поцков с.р.*

---

Врз основа на член 35 став 3 и став 13 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02), член 62 од Статутот на Општина Гевгелија, Градоначалникот на Општина Гевгелија го дава следното:

**С О О П Ш Т Е Н И Е**

Се известуваат физичките и правните лица од опфатот на Деталниот урбанистички план за Блок 15 (дел 15.10) општина Гевгелија, плански период 2020-2025 година и физичките и правните лица од опфатот на Деталниот урбанистички план за Блок 11 (11.2) КО Гевгелија и КО Мрзенци, општина Гевгелија, плански период 2019-2024 година дека Градоначалникот на општина Гевгелија донесе Одлука за организирање на

1. **Јавна презентација и Јавна анкета за Детален урбанистички план за Блок 15 (дел 15.10) опшитина Гевгелија, плански период 2020-2025 година и**
2. **Јавна презентација и јавна анкета за Детален урбанистички план за Блок 11 (11.2) КО Гевгелија и КО Мрзенци, општина Гевгелија, плански период 2019-2024 година**

Границата на планскиот опфат за Деталниот урбанистички план за Блок 15 (дел 15.10) општина Гевгелија, плански период 2020-2025 година е:
-Од Север: по оска на собирна улица „Новопланирана 1",
-Од Северозапад: по јужната граница на постојниот канал,
-Од Југ: по оска на сервисна улица „СЕ-6",
-Од Исток: по оска на сервисна улица „СЕ-2"

Деталниот урбанистички план за Блок 15 (дел 15.10) општина Гевгелија, плански период 2020-2025 година зафаќа површина од 1,96 ха.

**Јавната презентација** со стручно презентирање на **Деталниот урбанистички план за Блок 15 (дел 15.10) опшитина Гевгелија, плански период 2020-2025 година ќе се одржи на ден 24.06.2020 година во 11.00 часот во салата на Народниот Театар во Гевгелија.**

Границата на планскиот опфат за Деталниот урбанистички план за Блок 11 (11.2) КО Гевгелија и КО Мрзенци, општина Гевгелија, плански период 2019-2024 е:

- на **север** тргнувајќи од најзападната точка 11, се движи кон север до најсеверната точка 10, по граница на Генералниот урбанистички план на Град Гевгелија, Измени и дополнување за плански период од 2011-2021 год.

- на **исток** тргнувајќи од најсеверната точка 10, се движи по граница на Генералниот урбанистички план на Град Гевгелија, Измени и дополнување за плански период од 2011-2021 год, се до најисточната точка со бр.27.

- на **југ** тргнувајќи од најисточната точка 27, се движи по осовина на постојната магистрална улица бул."Гевгелија", во правец југозапад, се до најјужната точка 20.

- на **запад** тргнувајќи од најјужната точка 22, се движи во северозападен правец, по осовина на новопланираната собирна улица 6 предвидена со Генералниот урбанистички план на Град Гевгелија, Измени и дополнување за плански период од 2011-2021 год. се до најзападната точка 11.

Деталниот урбанистички план за Блок 11 (11.2) КО Гевгелија и КО Мрзенци, општина Гевгелија, плански период 2019-2024 зафаќа површина од **17.509 ха**.

**Јавната презентација** со стручно презентирање на **Деталниот урбанистички план за Блок 11 (11.2) КО Гевгелија и КО Мрзенци, општина Гевгелија, плански период 2019-2024 година ќе се одржи на ден 24.06.2020 година во 13.00 часот во салата на Народниот Театар во Гевгелија.**

Деталниот урбанистички план за Блок 15 (дел 15.10) општина Гевгелија, плански период 2020-2025 година и на Деталниот урбанистички план за Блок 11 (11.2) КО Гевгелија и КО Мрзенци, општина Гевгелија, плански период 2019-2024, ке бидат изложени во просториите на одделението за урбанизам, градежништво, архитектура и заштита на животната средина при општина Гевгелија и на web страната на општината.

1. **Јавната анкета за Деталниот урбанистички план план за Блок 15 (дел 15.10) опшитина Гевгелија, плански период 2020-2025 година** ќе трае 10 работни дена и тоа **од 24.06.2020 година до 09.07.2020година,**

2. **Јавната анкета за Деталниот урбанистички план за Блок 11 (11.2) КО Гевгелија и КО Мрзенци, општина Гевгелија, плански период 2019-2024 година** ќе трае 10 работни дена и тоа **од 24.06.2020 година до 09.07.2020 година,**

Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови кои можат да ги подигнат во одделението за урбанизам, градежништво, архитектура и заштита на животната средина при општина Гевгелија или преку информацискиот систем е-урбанизам.

Бр.11-406/7 и 11-192/8
16.06.2020 год.
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија,
м-*р Сашо Поцков с.р.*

---

Врз основа на член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

## О Д Л У К А
### за организирање на јавна презентација и јавна анкета по Предлог Урбанистички план за село Мрзенци, со разработка на блок 7,12,14 и 25, општина Гевгелија

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува организирање на јавна презентација и јавна анкета по Предлог Урбанистички план за село Мрзенци, со разработка на блок 7,12,14 и 25, општина Гевгелија со графички приказ на планот и текстуален дел.

**Член 2**

Предлог Урбанистички план за село Мрзенци, со разработка на блок 7,12,14 и 25, општина Гевгелија од член 1 на оваа Одлука зафаќа површина од 60.97 ха.

Предметниот плански опфат е дефиниран со следните граници:

Најсеверна точка КП 274, ја пресекува КП 273, КП 474, КП 459, КП 460, КП 467, КП 472, ја пресекува КП 1656, КП 662, ја пресекува КП 667, КП 661, КП 660, ја пресекува КП 668, ја пресекуваКП 670, КП 673, КП 675, ја пресекува пристапна улица, КП 649, КП 648, КП 643, КП 641, КП 634, КП 638, КП 627, КП 897, ја пресекува КП 629, ја пресекува КП 887/2, ја пресекува КП 888, КП 897, ја пресекува КП 1657, ја пресекува КП 933, ја пресекува КП 926, ја пресекува КП 906, ја пресекува КП 907, ја пресекува КП 926, ја пресекува КП 927, ја пресекува КП 933, ја пресекува КП 155, ја пресекува КП 146, ја пресекува КП 145, ја пресекува КП 1653, ја пресекува КП 1269, ја пресекува КП 1270, ја пресекува мочара, ја пресекува пристапна улица, КП 121, КП 120, КП 118, КП 113, КП 115, КП 116, ја пресекува КП 94, КП 76, КП 77, ја пресекува КП 64, река Серменинска река, ја пресекува КП 173, ја пресекува КП 175, ја пресекува КП 176, КП 177, ја пресекува КП 181, КП 182, ја пресекува КП 185, КП 196, ја пресекува КП 197, пристапна улица, КП 209, КП 210, КП 211, ја пресекува КП 212, пристапна улица, КП 535, КП 537, КП 534, КП 532, КП 528, КП 523, КП 521, ја пресекува пристапна улица, КП 511, КП 504, КП 502, пристапна улица КП 230, КП 231, КП 242, КП 241, КП 268, КП 271, КП 274.

**Член 3**

Јавната презентација ќе се организира во салата на Народниот Театар во Гевгелија на ден 18.06.2020 година со почеток во 12.00 часот.

**Член 4**

Јавната анкета ќе трае 10 работни дена, во кој рок заинтересираните граѓани и правни лица од подрачјето опфатено со планот, како и државните органи и други институции ќе можат да ги доставуваат своите забелешки, предлози и мислења на анкетни листови. Анкетните листови може да се подигнат и да се достават во архивата на одделението за урбанизам, архитектура, градежништво и заштита на животната средина или преку информативниот систем е-урбанизам.

**Член 5**

За времето и местото каде ќе биде изложен Предлог Урбанистички план за село Мрзенци, со разработка на блок 7,12,14 и 25, општина Гевгелија, за спроведувањето на јавната презентација и јавната анкета ќе се објави соопштение во јавните гласила.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на општина Гевгелија“.

Бр.11-80/6
11.06.2020 год.
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија,
м-р ***Сашо Поцков с.р.***

---

Врз основа на член 35 став 3 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02), член 62 од Статутот на општина Гевгелија, Градоначалникот на општина Гевгелија го дава следното:

**СООПШТЕНИЕ**

Се известуваат физичките и правните лица од опфатот на Предлог Урбанистички план за село Мрзенци, со разработка на блок 7,12,14 и 25, општина Гевгелија дека Градоначалникот на општина Гевгелија донесе Одлука за спроведување на

**Јавна презентација и Јавна анкета за**
**Предлог Урбанистички план за село Мрзенци, со разработка на блок 7,12,14 и 25, општина Гевгелија**

Предлог Урбанистички план за село Мрзенци, со разработка на блок 7,12,14 и 25, општина Гевгелија зафаќа површина од 60.97 ха.

Предметниот плански опфат е дефиниран со следните граници:

Најсеверна точка КП 274, ја пресекува КП 273, КП 474, КП 459, КП 460, КП 467, КП 472, ја пресекува КП 1656, КП 662, ја пресекува КП 667, КП 661, КП 660, ја пресекува КП 668, ја пресекуваКП 670, КП 673, КП 675, ја пресекува пристапна улица, КП 649, КП 648, КП 643, КП 641, КП 634, КП 638, КП 627, КП 897, ја пресекува КП 629, ја пресекува КП 887/2, ја пресекува КП 888, КП 897, ја пресекува КП 1657, ја

пресекува КП 933, ја пресекува КП 926, ја пресекува КП 906, ја пресекува КП 907, ја пресекува КП 926, ја пресекува КП 927, ја пресекува КП 933, ја пресекува КП 155, ја пресекува КП 146, ја пресекува КП 145, ја пресекува КП 1653, ја пресекува КП 1269, ја пресекува КП 1270, ја пресекува мочара, ја пресекува пристапна улица, КП 121, КП 120, КП 118, КП 113, КП 115, КП 116, ја пресекува КП 94, КП 76, КП 77, ја пресекува КП 64, река Серменинска река, ја пресекува КП 173, ја пресекува КП 175, ја пресекува КП 176, КП 177, ја пресекува КП 181, КП 182, ја пресекува КП 185, КП 196, ја пресекува КП 197, пристапна улица, КП 209, КП 210, КП 211, ја пресекува КП 212, пристапна улица, КП 535, КП 537, КП 534, КП 532, КП 528, КП 523, КП 521, ја пресекува пристапна улица,

КП511, КП 504, КП 502, пристапна улица КП 230, КП 231, КП 242, КП 241, КП 268, КП 271, КП 274.

**Јавната презентација** со стручно презентирање на планот **ќе се одржи на ден 18.06.2020 година во 12:00 часот во салата на Народниот Театар во Гевгелија.**

Предлог Урбанистички план за село Мрзенци, со разработка на блок 7,12,14 и 25, општина Гевгелија, ке биде изложен во просториите на одделението за урбанизам, градежништво, архитектура и заштита на животната средина при општина Гевгелија и на web страната на општината.

**Јавната анкета** ќе трае 10 работни дена и тоа **од 18.06.2020 година до 02.07.2020 година, секој работен ден од 08 до 16 часот.**

Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови кои можат да ги подигнат во одделението за урбанизам, градежништво, архитектура и заштита на животната средина при општина Гевгелија или преку информацискиот систем е-урбанизам.

Бр.11-80/7
11.06.2020 год.
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија,
м-*р Сашо Поцков с.р.*

---

Врз основа на член 35 став 10 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ" бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) и член 62 став 1 алинеја 14 од Статутот на општина Гевгелија („Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 8/10) Градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

## РЕШЕНИЕ

**за формирање на Комисија за изготвување Извештај од спроведената јавна презентација и јавна анкета по Предлог Урбанистички план за село Мрзенци, со разработка на блок 7,12,14 и 25, општина Гевгелија**

1.За изготвување Извештај од спроведената јавна презентација и јавна анкета по Предлог Урбанистички план за село Мрзенци, со разработка на блок 7,12,14 и 25, општина Гевгелија се формира комисија од три члена.

2.Во комисијата се именуваат:

-Ирена Томчева, дипломиран инженер архитект одговорно лице надлежно за урбанистичко планирање од општинската администрација,

-Натали Ташевска Гулевска, дипломиран инженер архитект овластен претставник на изработувачот на планот, „Иванов инженеринг" дооел од Битола.,

-Митко Павлов, дипломиран инженер архитект надворешен член, стручен работник од областа на урбанистичкото планирање.

3.Извештајот од точка 1 на ова решение со образложение за прифатените и неприфатени забелешки по Предлог Урбанистички план за село Мрзенци, со разработка на блок 7,12,14 и 25, општина Гевгелија да се достави до изработувачот на планот заради постапување согласно одредбите на Законот за просторно и урбанистичко планирање.

4.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.11-80/8
11.06.2020 год.
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија,
м-р ***Сашо Поцков с.р.***

---

Врз основа на член 35 став 3 и став 13 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02), член 62 од Статутот на Општина Гевгелија, Градоначалникот на Општина Гевгелија го дава следното:

## С О О П Ш Т Е Н И Е

Се известуваат физичките и правните лица од опфатот на Деталниот урбанистички план за Блок 15 (дел 15.10) општина Гевгелија, плански период 2020-2025 година и физичките и правните лица од опфатот на Деталниот урбанистички план за Блок 11 (11.2) КО Гевгелија и КО Мрзенци, општина Гевгелија, плански период 2019-2024 година дека Градоначалникот на општина Гевгелија донесе Одлука за организирање на

3. **Јавна презентација и Јавна анкета за Детален урбанистички план за Блок 15 (дел 15.10) опшитина Гевгелија, плански период 2020-2025 година и**
4. **Јавна презентација и јавна анкета за Детален урбанистички план за Блок 11 (11.2) КО Гевгелија и КО Мрзенци, општина Гевгелија, плански период 2019-2024 година**

Границата на планскиот опфат за Деталниот урбанистички план за Блок 15 (дел 15.10) општина Гевгелија, плански период 2020-2025 година е:
-Од Север: по оска на собирна улица „Новопланирана 1",
-Од Северозапад: по јужната граница на постојниот канал,
-Од Југ: по оска на сервисна улица „СЕ-6",
-Од Исток: по оска на сервисна улица „СЕ-2"

Деталниот урбанистички план за Блок 15 (дел 15.10) општина Гевгелија, плански период 2020-2025 година зафаќа површина од 1,96 ха.

**Јавната презентација** со стручно презентирање на **Деталниот урбанистички план за Блок 15 (дел 15.10) опшитина Гевгелија, плански период 2020-2025 година ќе се одржи на ден 24.06.2020 година во 11.00 часот во салата на Народниот Театар во Гевгелија.**

Границата на планскиот опфат за Деталниот урбанистички план за Блок 11 (11.2) КО Гевгелија и КО Мрзенци, општина Гевгелија, плански период 2019-2024 е:

- на **север** тргнувајќи од најзападната точка 11, се движи кон север до најсеверната точка 10, по граница на Генералниот урбанистички план на Град Гевгелија, Измени и дополнување за плански период од 2011-2021 год.

- на **исток** тргнувајќи од најсеверната точка 10, се движи по граница на Генералниот урбанистички план на Град Гевгелија, Измени и дополнување за плански период од 2011-2021 год, се до најисточната точка со бр.27.

- на **југ** тргнувајќи од најисточната точка 27, се движи по осовина на постојната магистрална улица бул."Гевгелија", во правец југозапад, се до најужната точка 20.

- на **запад** тргнувајќи од најужната точка 22, се движи во северозападен правец, по осовина на новопланиранта собирна улица 6 предвидена со Генералниот урбанистички план на Град Гевгелија, Измени и дополнување за плански период од 2011-2021 год. се до најзападната точка 11.

Деталниот урбанистички план за Блок 11 (11.2) КО Гевгелија и КО Мрзенци, општина Гевгелија, плански период 2019-2024 зафаќа површина од **17.509 ха**.

**Јавната презентација** со стручно презентирање на **Деталниот урбанистички план за Блок 11 (11.2) КО Гевгелија и КО Мрзенци, општина Гевгелија, плански период 2019-2024 година ќе се одржи на ден 24.06.2020 година во 13.00 часот во салата на Народниот Театар во Гевгелија.**

Деталниот урбанистички план за Блок 15 (дел 15.10) општина Гевгелија, плански период 2020-2025 година и на Деталниот урбанистички план за Блок 11 (11.2) КО Гевгелија и КО Мрзенци, општина Гевгелија, плански период 2019-2024, ке бидат изложени во просториите на одделението за урбанизам, градежништво, архитектура и заштита на животната средина при општина Гевгелија и на web страната на општината.

3. **Јавната анкета за Деталниот урбанистички план план за Блок 15 (дел 15.10) опшитина Гевгелија, плански период 2020-2025 година** ќе трае 10 работни дена и тоа **од 24.06.2020 година до 09.07.2020година,**
4. **Јавната анкета за Деталниот урбанистички план за Блок 11 (11.2) КО Гевгелија и КО Мрзенци, општина Гевгелија, плански период 2019-2024 година** ќе трае 10 работни дена и тоа **од 24.06.2020 година до 09.07.2020 година,**

Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови кои можат да ги подигнат во одделението за урбанизам, градежништво, архитектура и заштита на животната средина при општина Гевгелија или преку информацискиот систем е-урбанизам.

Бр.11-406/7 и 11-192/8
16.06.2020 год.
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија,
м-*р Сашо Поцков с.р.*

---

Врз основа на член 35 став 10 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) и член 62 став 1 алинеја 14 од Статутот на општина Гевгелија („Службен

гласник на општина Гевгелија“ бр.25/06 и 8/10) Градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за формирање на Комисија за изготвување Извештај од спроведената јавна презентација и јавна анкета по Детален урбанистички план за Блок 15 (дел 15.10) општина Гевгелија, плански период 2020-2025 година**

1.За изготвување Извештај од спроведената јавна презентација и јавна анкета по Детален урбанистички план за Блок 15 (дел 15.10) општина Гевгелија, плански период 2020-2025 година се формира комисија од три члена.

2.Во комисијата се именуваат:

-Ирена Томчева, дипломиран инженер архитект одговорно лице надлежно за урбанистичко планирање од општинската администрација,

-Бојан Муличковски, дипломиран инженер архитект овластен претставник на изработувачот на планот, „Билд Урбан“ дооел Скопје.

-Митко Павлов, дипломиран инженер архитект надворешен член, стручен работник од областа на урбанистичкото планирање.

3.Извештајот од точка 1 на ова решение со образложение за прифатените и неприфатени забелешки по Детален урбанистички план за Блок 15 (дел 15.10) општина Гевгелија, плански период 2020-2025 година да се достави до изработувачот на планот заради постапување согласно одредбите на Законот за просторно и урбанистичко планирање.

4.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Гевгелија“.

Бр.11-406/8
16.06.2020 год.
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија,
м-*р Сашо Поцков с.р.*

---

Врз основа на член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**О Д Л У К А**

**за организирање на јавна презентација и јавна анкета по Предлог Детален урбанистички план за Блок 15 (дел 15.10), општина Гевгелија, плански период 2020-2025 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува организирање на јавна презентација и јавна анкета по Предлог Детален урбанистички план за Блок 15 (дел 15.10), општина Гевгелија, плански период 2020-2025 година, со графички приказ на планот и текстуален дел.

**Член 2**

Предлог Деталниот урбанистички план за Блок 15 (дел 15.10), општина Гевгелија, плански период 2020-2025 година од член 1 на оваа Одлука зафаќа површина од 1,96 ха.

Границата на планскиот опфат е:

-Од Север: по оска на собирна улица „Новопланирана 1“,
-Од Северозапад: по јужната граница на постојниот канал,
-Од Југ: по оска на сервисна улица „СЕ-6“,
-Од Исток: по оска на сервисна улица „СЕ-2“

**Член 3**

Јавната презентација ќе се организира во салата на Народниот Театар во Гевгелија на ден 24.06.2020 година со почеток во 11.00 часот.

**Член 4**

Јавната анкета ќе трае 10 работни дена, во кој рок заинтересираните граѓани и правни лица од подрачјето опфатено со планот, како и државните органи и други институции ќе можат да ги доставуваат своите забелешки, предлози и мислења на анкетни листови. Анкетните листови може да се подигнат и да се доставaт во архивата на одделението за урбанизам, архитектура, градежништво и заштита на животната средина или преку информативниот систем е-урбанизам.

**Член 5**

За времето и местото каде ќе биде изложен Предлог Детален урбанистички план за Блок 15 (дел 15.10), општина Гевгелија, плански период 2020-2025 година за спроведувањето на јавната презентација и јавната анкета ќе се објави соопштение во јавните гласила.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на општина Гевгелија“.

Бр.11-406/6
16.06.2020 год.
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија,
м-***р Сашо Поцков с.р.***

---

## С О Д Р Ж И Н А

1.Заклучок по Иницијативата за воспоставување меѓуопштинска соработка за вршење на определени работи од страна на општина Гевгелија за општина Богданци од областа на инспекциските служби-градежен инспектор ..... 341
2.Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка на општина Богданци со општина Гевгелија ..... 341
3.Заклучок по Иницијативата за воспоставување меѓуопштинска соработка за вршење на определени работи од страна на општина Струмица за општина Гевгелија од областа на внатрешната ревизија ..... 342
4.Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка на општина Гевглија со општина Струмица ..... 342
5.Одлука за субвенционирање на потрошувачката на основните комунални услуги..343

## АКТИ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

1.Одлука за организирање на јавна презентација и јавна анкета по ДУП за Блок 11 (11.2) КО Гевгелија и КО Мрзенци општина Гевгелија ..... 344

2.Решение за формирање на комисија за изготвување на Извештај од спроведената јавна прзентација и јавна анкета по ДУП за Блок 11 (11.2) КО Гевгелија и КО Мрзенци општина Гевгелија ........ 346

3.Соопштение за организирање јавна презентација и јавна анкта за ДУП за Блок 15 (дел 15.10) општина Гевгелија, плански период 2020-2025 година и јавна презентација и јавна анкета за ДУП за Блок 11 (11.2) КО Гевгелија и КО Мрзенци, општина Гевгелија плански период 2019-2024 година ........ 346

4..Одлука за организирање на јавна презентација и јавна анкета по Предлог-Урбанистички план с.Мрзенци со разработка на блок 7, 12, 14 и 25 општина Гевгелија ...... 348

5.Соопштение за организирање јавна презентација и јавна анкта за Предлог-Урбанистички план за село Мрзенци со разработка на блок 7, 12, 14 и 25 општина Гевгелија ........ 349

6.Решение за формирање на Комисија за изготвување на Извештај од спроведената јавна прзентација и јавна анкета по Предлог-Урбанистички план за село Мрзенци со разработка на блок 7, 12, 14 и 25 општина Гевгелија ........ 350

7.Соопштение за организирање јавна презентација и јавна анкта за ДУП за Блок 15 (дел 15.10) општина Гевгелија, плански период 2020-2025 година и јавна презентација и јавна анкета за ДУП за Блок 11 (11.2) КО Гевгелија и КО Мрзенци, општина Гевгелија плански период 2019-2024 година ........ 351

8.Решение за формирање на Комисија за изготвување на Извештај од спроведената јавна прзентација и јавна анкета по ДУП за Блок 15 (дел 15.10) општина Гевгелија плански приод 2020-2025 ........ 353

9.Одлука за организирање на јавна презентација и јавна анкета по Предлог-ДУП за Блок 15 (дел 15.10), општина Гевгелија, плански период 2020-2025 година ........ 353

**"СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА", излегува по потреба**
**Уредува и издава: Општина Гевгелија - Одделение за стручно-административни и општи работи и Одделение за правни работи,ул."Димитар Влахов"4 Гевгелија**